

# ПРАВИЛНИК

## ЗА СПРЕЧУВАЊЕ, ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИЗМАМИ

KRKA

*Живееме здрав живот.*

4 Цели

5 Предмет и примена

6 Забрана на нечесни однесувања и измами

7 Контрола за управување со измами

9 Постапки и активности за управување со измама

10 Пријавување на сомневања за измама

11 Постапка за разгледување на пријавите

12 Преодни и конечни одредби

# Цели

*Правилникот за спречување, откривање и истражување на измами* (во продолжение правилник) ги определува клучните цели, начела и правила за контролирање на измамите во Крка, д.д., Ново место и во нејзините зависни друштва (во продолжение Крка). Ги определува и задачите и одговорностите на вработените во Крка, поврзани со спречување, откривање и истражување на измамите.

*Правилникот* се темели врз важечките прописи и препораки и врз **Кодексот на однесување на Крка**, кој ги определува начелата и правилата за етичко однесување и добрата деловна пракса и стандарди за однесување во Крка.

Целите на Крка во областа на управување со измамите се следните:

- намалување на ризикот на измама по принципот на нулта толеранција;
- подигање на свеста на вработените за потенцијални измами и методи за управување со измамиедукација на вработените за нивната одговорност при препознавање на ризикот од измама и известувањето за нив;
- постојано подобрување и управување со системите на внатрешните контроли, поврзани со спречување и откривање на измами;
- обезбедување на соодветни ресурси за спречување, откривање и истражување на измами;
- доследно почитување на релевантните прописи, насоки и кодекси;
- грижа за навремено и соодветно проверување на сомневањата за измами;
- обезбедување на заштита на пријавувачите;
- заштита на угледот и имотот на Крка.

# Предмет и примена

*Правилникот* важи за сите вработени во Крка што се во работен односот со Крка и кон сите други правни и физички лица (во продолжение трети лица) и потребно е да постапуваат согласно истиот.

Пријавувањата на сомневања за измами според овој *правилник* им се овозможени на сите вработени во Крка и на трети лица.

*Правилникот* ги определува основните начела и правила кои што се во согласност со важечките прописи од областа на измама и корупција, насоките, меѓународните стандарди за однесување и интерните акти на Крка што вработените мора секогаш да ги почитуваат при извршувањето на својата работа и работењето на Крка.

Зависните друштва на Крка се должни да се придржуваат на одредбите на правилникот, а притоа да ги почитуваат евентуалните построги национални барања.

Со содржината на овој правилник мора да се запознаат сите вработени, или преку системот за е-едукација eCampus или со користење на друг соодветен метод. На соодветен начин вработените се известени за измените на правилникот. Новите вработени се запознаваат со содржината на правилникот на почетокот на нивното вработување.

# Забрана на нечесни однесувања и измами

Забранети се сите нечесни однесувања и измами како што ги определуваат важечките прописи (во продолжение: „измама“). Таквите однесувања се:

- **Корупција** значи злоупотреба на положбата за стекнување на корист за себе или за трето лице. Однесувањето има корупттивна цел кога користа е ветена или дадена со цел да поттикне или награди прекршување на должното однесување, односно кога е примена како надомест за должно однесување.

- **Измама** значи секое неетичко и/или незаконско дејствие, за кое е карактеристично добивање на незаконска или неоправдана корист и предизвикува штета на Крка или трети лица. Измамата пред сè вклучува лага, затајување или злоупотреба на довербата, лажно финансиско известување и сл. Измамата се извршува доколку поединечни лица или компании дејствуваат намерно со цел да се стекнат со материјална предност, пред се во форма на парични средства или сопственост на предмети, или за да се остварат своите интереси нелегално со што ќе нанесат штета на Крка или на трети лица. Со измамничко однесување поединците или претпријатијата може да се обидат да избегнат плаќање или неизвршување на услуги и со незаконско однесување да ја заштитат својата лична или деловна предност.

- **Поткуп** значи барање, примање, ветување, нудење, давање или посредување при примање на некоја корист како поттик за незаконска или неетичка активност за злоупотреба на довербата.

- **Конфликт на интереси** значи ситуација која што овозможува можност за однесување или наведување на однесување што може да доведе до корупција или други незаконски дејствија. За конфликтот на интереси е карактеристично дека лицето е соочено со избор меѓу должноста и барањата на својата позиција и своите лични интереси.

# Контрола за управување со измама

Контролните активности за управување  на измамите се спроведуваат во целата организациска структура на Крка, а нивната цел е обезбедување на квалитет, транспарентност, сигурност и успешност на работењето. Основите на контролните активности се надворешните и внатрешните прописи, стандардите, добра деловна пракса, кодексите, системите за одобрување на документи, овластувањата и одговорностите на вработените и друго. Контролните активности се наменети и за спречување на измами, зголемување на свеста и исполнување на должноста за известување меѓу вработените, препознавање и откривање на измами и нивно истражување.

Крка воспостави контролна алатка што овозможува управување со клучните стратешки и оперативни ризици и навремено идентификување и управување со факторите, што може да го загрози остварувањето на целите, дефинирани во *Стратегијата за развој на Крка* и *Прирачникот за квалитет.* Индивидуалните активности за контрола се поврзани и со управувањето со измами.

**Регистарот на ризици на Крка** е целосен приказ на можните ризици, а тој е дополнет и со *План за интегритетот*. Управувањето со ризиците во Крка е вклучено во сите деловни процеси. Се применува поголем број стандардни оперативни постапки и  други интерни упатства кои ги определуваат контролните активности и одговорности за непречено работење и намалување на ризиците.

Во продолжение се наведени одговорностите за спречување, откривање и истражување на измами според нивоата на раководење.

**Управата** на Крка, д.д., Ново место обезбедува и овозможува воспоставување на соодветно контролно опкружување во кое се зачувуваат вредноста и угледот на компанијата. Управниот одбор именува одговорно лице за усогласеност во работењето кое е одговорно и за областа на измамите, откривање и истражување на измами.

**Одговорно лице за усогласеност во работењето** е одговорно за:

- оценување на ризиците од измами;
- предлагање на системи на внатрешни контроли за спречување, откривање и истражување на измами;
- воспоставување внатрешни програми и процедури за справување со пријавите за сомневање за измама;
- постапување со пријавите кои ги исполнуваат законските услови за разгледување и заштита на пријавувачите;
- информирање, едукација и подигнување на свеста на вработените за содржината на овој правилник;;
- водење на регистар на извештаи и документацијата во врска со сомневања за измами;
- презентирање извештаи до Управниот одбор во врска со постапките за спречување, откривање и истражување на измами;
- соработка со надворешните професионалци и тела за спроведување на Законот.

Должностите и одговорностите на **Раководителите на сектори, области и самостојни служби** се:

- проценка на ризиците од измами во областа за која се одговорни;
- имплементација на ефикасен систем на внатрешна контрола за управување со измами;
- следење на принципите на нулта толеранција кон измамите;
- соработка со одговорното лице за усогласеност во работењето при спроведување на соодветни активности, ако сомневањето за измама се однесува на нивната организациска единица.

Должностите и одговорностите на **секој вработен** вклучуваат:

- чесно и беспрекорно однесување кое мора да биде во согласност со *Кодексот на однесување на Крка* и со сите релевантни прописи;
- известување на евентуални настани или трансакции коишто би можеле да укажуваат на измами;
- пријавување на какви било настани или трансакции што можат да укажат на потенцијална измама;
- следење на принципите на нулта толеранција кон измамите.

# Постапки и активности за управување со измамите

Постапките и активности за управување со измамите се делат на спречување, откривање и истражување на измами. Најголем акцент е ставен врз спречувањето на измамите. Важни се и активностите за откривање на измами, а истражувањето на измамите во случај на сомневања за поголеми измами е во надлежност на професионалци оспособени за тоа и соодветните институции.

Редовна активност во областа на управување на измамите е и подобрување а интерните контроли за намалување на ризикот од измами со донесување и дополнување на интерни акти и упатства.

Крка обезбедува управување со судир на интереси преку стандардни оперативни постапки и правилници кои што ги намалуваат ризиците и спречуваат да дојде до конфликт на интереси и како последица на тоа до нарушување на угледот на Крка.

Крка се грижи сите односи со здравствената струка да се спроведуваат согласно важечките прописи и насоки и да се намалат можностите за незаконско однесување. Стручните соработници се однесуваат согласно прописите и соодветно се обучуваат за промоција на производите.

За успешно управување со измамите се клучни едукацијата и обуката на вработените. Крка со едукациите и известувањата во интерните медиуми и на огласните табли обезбедува соодветно ниво на иформираност, врз основа на што вработените можат да ги препознаат индициите за измами или одделни активности што може да претставуваат измами.

# Пријавување на сомневања за измами

Пријавувањата на сомневања им се овозможени на сите вработени и на трети лица.

Ако вработен во Крка забележи однесување од кое произлегува сомневање за измама, го известува претпоставениот. Ако карактерот или околностите на случајот не го дозволуваат тоа, го известуваат раководителот на Правната служба, раководителот на Службата за управување со ризиците и усогласеност на работењето. Информацијата на сомневања за измами може да биде и анонимна. Електронската адреса за пријавување на сомневања за измами е compliance.officer@krka.biz.

Ако пријавувачот не сака да биде анонимен, тој може сомневањето за измама да го соопшти и по телефон, и тоа:

- на одговорното лице за усогласеност во работењето на Групација Крка на +386 7 331 26 00;
- раководителот на Правната служба на Групација Крка на +386 7 331 95 95.

Крка се обврзува дека со податоците на пријавувачот ќе постапува доверливо, стручно и со професионално внимание и дека на пријавувачот ќе му овозможи соодветна заштита од повратни мерки.

# Постапка за разгледување на пријавите

Одговорното лице за усогласеност на работењето во соработка со Правната служба за разгледување на пријавите по потреба именува посебна група која што покрај него може да ја сочинуваат уште 2 до 4 вработени од различни организациски единици, кои имаат специфично знаење, потребно за истражување на сомневања за измами. Групата соодветно го разгледува пријавеното сомневање за измама, ги истражува причините за настанување и предлага корективни и превентиви мерки. Измамите ги истражуваат вработени кои што се стручно обучени за тоа, а по потреба и надворешни професионалци и претставници на Законот.

Пријавувачот, кој добронамерно и без намера да наштети, ќе пријави сомневање за измама е заштитен од повратни мерки, му се дава соодветна поддршка и се известува за резултатот на пријавата. Со податоците на пријавувачот постапуваме доверливо. Евентуалните повратни мерки ќе се третираат како особено тешко прекршување на *Кодексот на однесување на Крка*.

Одговорното лице за усогласеност во работењето е должно да води евиденција за добиените пријави и спроведените постапки и активности во врска со пријавите.

Зависно од наодите одговорното лице ќе ѝ предложи на надлежната единица, а по потреба и на управата една од следните одлуки::

- сомневањето за измама е неосновано, понатамошно разгледување не е потребно;
- сомневањето за измама е основано, потребно е внатрешно преземање на мерки, на пример, со санкции и подобрување на контролните постапки;
- сомневањето за измама е основано, потребни се понатамошни истраги, кои што ги вршат соодветно обучени вработени, надворешни експерти и органите на Законот.

Разгледувањето на утврдените измами се одвива согласно со важечкото законодавство на одделна држава.

# Преодни и конечни одредби

Правилникот го усвојува Управниот одбор на компанијата. Тој е објавен на интерните интернет страниците на Крка (Крканет) и на јавните интернет страници на Крка.

Со денот на стапување на сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за спречување, откривање и истражување на измами од 7.12.2015 година и Политиката за спречување, откривање и истражување на измами од 7.12.2015 година.

Последна ревизија Март 2023.

Правилникот треба еднаш на две години да се прегледа и по потреба да се дополни.

03/2023, Р.Северна Македонија.

www.krka.mk